# Прилог 3

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

### Родово Одговорен Буџетски форум

**Општина**

Крива Паланка

**Име на координатор:**

Мартин Николовски

**Модератор/ка:**

Лидија Митовска

**Период на известување:**

01.11-01.12.2023

**Датум на извештај:**

**05.12.2023**

*Забелешка: Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период*

## ПОСТИГНУВАЊА

1. **Форумски сесии**

Во периодот од 01.11 до 01.12.2023 година во општина Крива Паланка се одржаа четири форумски сесии.

**Првата форумска сесија** која се одржа на **07.11.2023 во големата сала на општината во периодот од 12 до 15 часот часот е комбинација од две сесии:**

- Првиот дел од форумската сесија всушност беше 5-тата последователна форумска сесија од родово одговорниот буџетски форумски процес од минатата година.
- Вториот дел од форумската сесија всушност е првата форумска сесија на буџетскиот форум во заедницата во Општина Крива Паланка за подготовка на родово одговорен буџет на општината за следната 2024 година.

На сесијата присуствуваа вкупно **54** граѓани од кои **33** жени и **21** мажи, сите македонци.

Модераторот даде краток преглед на буџетскиот форумски процес (фази на 4-те сесии) од минатата година. Го потсети форумот што тоа работеше и сработи минатата година, со посебен осврт на целите, резултатите и форумските одлуки од родово одговорниот буџетски форумски процес за подготовка на буџетот за 2023 година. Со осврт на - 4 тата форумска сесија и приоретизацијата на годишните буџетски програми и 48-те граѓански предлози кои станаа дел од годишните општински програми, а со тоа и дел од буџетот на општината за 2023г. даде и краток осврт на листата со препораки која беше предадена од форумот до општината која ги содржеше сите предлози од форумот кои останаа надвор од 48-те приоритети. Воедно изрази и голема благодарност до граѓаните кои учествуваа во овој процес ,,работната група, оперативната група и сите кои придонесоа да се заврши успешно целиот процес.

На **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно 57 граѓани од кои 35 жени и 22 мажи. Сите учесници беа  Македонци. На оваа сесија беа дадени вкупно 65 предлози за седум Програми.

По Програмата за изработка на урбанистички планови граѓаните дадоа вкупно 11 предлози од кои еден е прифатен, а 10 не се прифатен.

По Програмата за животна средина, граѓаните дадоа вкупно 12 предлози од кои 10 се прифатени, а 2 не се прифатени.

По Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација граѓаните дадоа вкупно 6 предлози од кои 4 се прифатени, а 2 не се прифатени.

По Програмата за активности во областа на спортот граѓаните дадоа вкупно 15 предлози од кои 6 се прифатени,6 не се прифатени, еден се повторува 4 пати.

По Програмата за образование граѓаните дадоа вкупно 10 предлози од кои еден е прифатен, а 9 не се прифатени.

По Програмата за млади имаше вкупно 6 предлози од граѓаните од кои 2 се прифатени, а 4 не се прифатени од страна на општината.

По Програмата за социјална, детска и здравствена заштита граѓаните дадоа вкупно 5 предлози од кои еден е прифатен, а 4 не се прифатени.

На **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно 63 граѓани од кои 37 жени и 26 мажи. Како и на претходните две сесии сите учесници беа Македонци. На сесијата беа дадени 49 предлози од граѓаните за шест програми.

За Програмата за локален економски развој имаше вкупно 9 предлози од граѓаните од кои еден е прифатен, а 8 не се прифатени од страна на општината.

По Програмата за култура имаше вкупно 13 предлози од граѓаните од кои 5 се прифатени, а 8 не се прифатени од страна на општината.

По Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година, граѓаните дадоа вкупно 3 предлози, но сите беа неприфатливи за општината.

По Програмата за изградба на улици и патишта, граѓаните дадоа вкупно 9 предлози од кои 3 се прифатени, а 6 не се прифатени.

По Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа имаше вкупно 11 предлози од граѓаните од кои 5 се прифатени, а 6 не се прифатени од страна на општината.

По Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување имаше вкупно 5 предлози од граѓаните од кои 2 се прифатени, а 3 не се прифатени од страна на општината.

На **четвртата форумска сесија** присуствуваа вкупно 55 граѓани од кои 40 жени и 15 мажи. Како и на претходните сесии сите учесници беа Македонци. На оваа форумска сесија предлозите од граѓаните ќе бидат предмет на приоретизација од форумот. По одржаниот состанок на работната група која беше избрана на третата форумска сесија тема на дискусија беа **вкупно 114 предлози** од кои **23 се повторуваат** (се однесуваат на иста работа), **5 од предлозите не се во надлежност на општината**.**Од вкупно 86 предлози, општината прифати 40 предлози** - проекти  да влезат во буџетот за следната година со голема буџетска алокација на средства во истите.

## 1.АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### 1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)

Предходната година  за спроведување на родово одговорен буџетски форум, општината имаше подршка на проектот на UN Women „Промовирање родово одговорни политики и буџети кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија, но процесот за спроведување на родово одговорен буџетски форум за 2024 година општината Крива Паланка сама ги започна подготвителните активности за негово успешно спроведување.

Најпрвин беше одреден временскиот период за спроведување на форумскиот процес и тоа во текот на месец ноември и последната сесија на почетокот на месец декември 2023, условен од законскиот рок за усвојување и донесување на општинскиот буџет за 2024 година. Модераторот беше избран од листата на сертифицирани модератори на ЗЕЛС.

Членовите на Оперативната група беа избрани во согласност со потребната структура на ова тело. Во неа се вклучени координаторот на проектот, назначен од општината, 5 лица од локалната самоуправа, како и лице за односи со јавноста.

За **мобилизирање на граѓаните за учество на буџетскиот форум**, општината, заедно со модераторот, координаторот и ОГ, користеше повеќе техники, со кои беа опфатени најразлични целни групи. Беа одржани средби со претставници на бизнис заедницата и граѓанските организации, со пензионерите, ромската популација, месните заедници, младите и други интересни групи. Истовремено, граѓаните се мобилизираа со официјални покани, лични и телефонски контакти, веб страницата на општината, facebook страниците на општината и на градоначалникот.

### 1.1.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите

Членовите на Работната група беа информирани телефонски, средбата и работилницата се одржа на 29.11.2023 година во 14 часот и работната група имаше за задача да ги разгледа предлозите по буџетските програми дадени на втората и третата форумска сесија за презентираните 13 Предлог годишни оперативни програми на општината за 2024 година.

Во извештајниот период, **Работната група** одржа еден состанок. На состанокот учествуваа вкупно 10 лица (4 мажи и 6 жени), Сите членови на Работната група се Македонци, а ја сочинуваат по најмалку еден претставник од формираните работни маси: Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина,Јавни дејности, Комунални дејности , Култура Економски развој и Општинска администрација, како и експерти  од општината.

На средбата на Работната група беа дискутирани предлозите на граѓаните за приоритетите за развој, проектираните приходи на општината за 2024 година и предлозите дадени од граѓаните. Притоа, можеше да се заклучи дека голем дел од граѓанските предлози се совпаѓаат со приоритетите на општината, а имаше повторување и меѓу работните маси. Општ заклучок е дека најголем дел од предлозите на граѓаните се прифатени од страна на општината.

Во подготовката, пред, и по одржаните форумски сесии во месец ноември, Оперативната група одржа вкупно 3 состаноци за спроведување на 4 форумски сесии. На средбите членовите на ОГ ги вршеа подготовките за мобилизација на граѓаните за учество во форумскиот процес, како и сите останати организациски и технички подготовки.

ОГ работеше крајно координирано, според утврден распоред и меѓусебна поделба на задачите пред, за време, и по одржувањето на форумските сесии. Ги подготвуваа поканите, материјалите за форумските сесии, освежувањето, рапоредот на работните маси и другите потребни ресурси. Општ заклучок е дека немаше никакви пропусти околу ангажманот и извршувањето на задачите од страна на ОГ. Инаку, во ОГ, заедно со модераторот и општинскиот координатор, вклучени се 8 лица (5 жени и 3 мажи). Шест лица од ОГ се од локалната самоуправа и лице за односи со јавноста. Од технички причини само првата сесија се беше организирана во општинската сала, додека втората, третата и четвртата сесија се одршаа во атриумот на ОУ"Свети Јоаким Крчовски" односно сала Партизан.

Во подготовката и за време на досегашниот форумски процес се одвиваше континуирана и секојдневна комуникација со модераторот, координаторот, општинската администрација, експерти и други лица од општината, како и со градоначалникот на општината. Целта на секојдневните контакти беше подготовка на потребните информации и материјали за форумските сесии и нивна навремена изработка. Покрај ОГ, во подготовката на сесиите активно беа вклучени околу 15 лица од општината односно раководителите на одделенијата во чија надлежност е подготовката на буџетот, финансиското работење и буџетските програми.

***Преглед на профилот на ОГ***

| Општина | Број на членови на ОГ | Број на мажи | Број на жени | Етничка застапеност (малцинства) | Застапеност на целна група |
|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 8(заедно со координатор и модератор) | 3 (37.5%) | 5 (62.5%) | // (0%) | (100%)општина, |
| ОГ - претставник од Комисија за еднакви можности | | | | | Не |
| ОГ - претставник од Комисија за односи меѓу заедниците | | | | | Не |

***Преглед на структурата на учесници во подготвителните активности***

| Општина (број на жители) | Број на учесници | целни групи – учесници на средбите |
|---|---|---|
| Крива Паланка<br>18.059 | 175 | Директори, раководители и вработени во државни, општински и јавни институции, НВО и бизнис сектор,МЗ, пензионери и граѓани |
| | # | |

**1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ**

**Првата форумска сесија** се одржа на 07.11.2023 во големата сала на општината во периодот од 12 до 15 часот часот и беше комбинација од две сесии.
На сесијата присуствуваа вкупно **54** граѓани од кои **33** жени и **21** мажи, сите македонци.
На самиот почеток од буџетската форумска сесија во Општина Крива Паланка, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните граѓани и гости.
Ги запозна присутните со дневниот ред, истакна дека дневниот ред има два дела и тоа:

- Првиот дел од форумската сесија всушност е 5-тата последователна форумска сесија од родово одговорниот буџетски форумски процес од минатата година.
- Вториот дел од форумската сесија всушност е првата форумска сесија на буџетскиот форум во заедницата во Општина Крива Паланка за подготовка на родово одговорен буџет на општината за следната 2024 година.

По запознавање со целите, резултатите и текот на форумската сесија дневниот ред беше едногласно усвоен од форумот.

Модераторот го покани градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски да им се обрати на присутните. Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски ги поздрави присутните граѓани-учесници искажа благодарност за големиот интерес за учество во спроведувањето на буџетскиот форум и посака пријатна работна атмосфера. Исто така истакна дека овој месец практично е 24 месеци или 730 дена од неговата функција – градоначалник во служба на граѓаните на нашата Крива Паланка. Пред неколку дена имавме отчет 2 години Градоначалник на Општина Крива Паланка (ноември 2021-ноември 2023). Градоначалникот Сашко Митовски, се обрати пред присутните претставници од јавни институции, здруженија, невладини организации, потенцирајќи дека со буџетот за 2023 година **целосно се реализирани 21проект /44%, во фаза на реализација се 11 проекти/23%, делумно се реализирани 3 проекти /6 %, не се реализирани 13 проекти /27 %,** што се должи на пренамена на средствата за санација на штетите од невремето што ја зафати општината во јуни.

“Како општина и како локална власт постојано сме во дослух со граѓаните како што и се обврзав пред 2 години и овој модел на носење на програми преку приоритети на граѓаните е нешто што навистина е во насока на реализација на капитални, круцијални проекти и истовремено решавање проблеми на граѓаните. Морам да нагласам дека општината има релативно мал буџет, 113 милиони денари од кои се сервисираат две обврски за кредити од 2012 и 2020 година,а општината реализира и јавно приватно партнерство од пред три години за јавно осветлување, тековни оперативни расходи, плати на администрацијата, така што , правиме се што е во наша моќ да ги користиме сите можни расположливи програми и ресурси за финансирање на зацртаните проекти и затоа ќе кажам дека се што е направено и во 2023 година, но и во минатата година, навистина е импозантно, според суми и реализација на проекти, на што можат да ни завидат и многу поголеми општини. ”Посочи дека и во 2024 година општината ќе користи **грантови во висина од 970.000 евра** од државата, за што максимално се подготвуваат и проекти и приоритети**: нов водовод во Конопница** во должина од 10 километри (решавање на проблемот за вода за пиење во с. Конопница) и **водовод на Калин Камен** за да се подобрат основните инфраструктурни предуслови за развој на Калин Камен.

Според градоначалникот и **патната инфраструктура е приоритет**, и **на Калин Камен, каде е изготвен проект и за адреналиснки парк**, но следува имплементација на други клучни проекти за кои се потпишани договори, како: **проширување на главната улица во централното градско подрачје**, со финансии од МТВ**, поставување фотоволтаици на 5 јавни институции** што е една од препораките од минатогодишниот форум, а ќе се реализираат со поддршка од Словенската амбасада**, реконструкција на 2 од вкупно 5 градски мостови, „Соларски“ и „Градечки мост“**,преку ТАВ програмата, **партерно уредување на дворот на училиштето во с. Градец**, преку ИПА програма за прекугранична соработка со Србија, **дом за стари лица** во дел од ученичкиот дом Боро Менков (првично пренамена една половина), **доуредување на финална фаза од корито на Крива Река до градски базен** . А како што што порача, следува период и на индустриски развој на градот со донесениот, по речиси пола век, **нов ГУП за град Крива Паланка. Инвестиции во детска инфраструктура** (создаваме подобри услови за младите, за децата изградени се и уредени 10 детски урбани катчиња) **воведени се нови десетина мерки за поддршка, субвенции и стипендирање на млади, на ученици, студенти, талентирани спортисти, еднократна парична помош за матуранти, новороденче, детска количка, субвенции за купување на велосипед, субвенциониран превоз за студенти.** За крај највпечатливо е уредувањето на јавниот простор и хигиената во градот- **најчист, уреден и зелен град** (дрвореди, зеленило, уреден плоштад, парк, кеј на Крива Река, ја прават нашата Крива Паланка привлечна за посетители и туристи ширум земјава и регионот. Постигната е 100% реализација на програмите за јавно зеленило и јавна чистота.

На крајот од своето обраќање Градоначалникот искажа благодарност за интересот и големиот одзив за учество на сите присутни во спроведувањето на буџетските форумски процеси, при што нагласи дека како транспарентна, отчетна и одговорна општина, и овој пат сме тука да ги слушнеме вашите предлози, да дискутираме и заедно да сублимираме, како и каде најдобро да ги насочиме општинските средства, за тоа е доказ веќе сработеното рече во обраќањето, градоначалникот на Крива Паланка, Сашко Митовски.

**Една од главните цели** на првата форумска сесија од родово одговорниот буџетски форумски процес за подготовка на буџетот за 2024 година е и подигање на свеста и капацитетите на граѓаните за потребата од вклучување на родовата димензија во стратешкото и годишното оперативно планирање и програмирање и запознавање на граѓаните со форумскиот процес, како најцелисходна алатка за партиципативно вклучување на граѓаните во одлучувачките процеси во заедницата и запознавање со процесот на буџетирање и структурата на буџетот во општина Крива Паланка, како главен инструмент преку кој општината ги реализира своите надлежности.

Клучен акцент беше ставен на родовата интеграција во програмирањето на локално ниво, како се прави родова анализа, зошто е битна родовата статистика, мониторинг и евалуација. Од презентациите учесниците на Форумот се запознаа, со најосновите поими и разлики помеѓу род и пол, па се до постоечките правни рамки за **родова еднаквост** како и што всушност е **родово одговорен буџет.** Модраторката посебно ја потенцира потребата

од креирање родово-одговорни политики, родово одговорно буџетирање и предизвици со кои како локална заедница се сочуваме. Преку видео примери од Данска присутните можеа да видат практична примена на родово одговорни одлуки и политики донесени од страна на општинските власти. Посебен акцент се стави на родовата социјализација затоа што таа се учи од најмала возраст и има директно влијае на родовата еднаквост помеѓу мажите и жените во општеството.

Во продолжение на вториот дел од сесијата Димитар Петровски од одделението за финансиски прашања ја презентираше реализацијата на буџетот на Општина Крива Паланка (приходи и расходи) заклучно со 30.09.2023г. ги поздрави присутните граѓани и гости искажа благодарност за интересот и големиот одзив. Ги запозна присутните со реализацијата на **приходите и расходите во Буџетот на Општина Крива Паланка** заклучно со 30.09.2023 година. При што ги презентираше приходите на буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година (1 ребаланс) се планирани на износ од **523.454.019 денари**, а согласно пропишаната економска класификација истите се реализирани заклучно со месец септември (61% реализација).

**Расходите на Општина Крива Паланка (со 1 Ребаланс ) за 2023 година се планирани на износ од 523.454.019 денари од кои:**

-Утврдени намени 523.154.019 ден.
-Резерви 300.000 ден.

При што даде детален преглед на ***Планирани и реализирани приходи и расходи по сметки и програми**

***1.Основен буџет***

Планирано (со 1 ребаланс) 228.876.430 -процент на реализација 1-9 месец 55%

***2. Блок дотации***

Планирано (со 1 ребалнс) 248.371.237 –процент на реализација 1-9 месец 65%

***3. Самофинансирачки активности***

Планирано (со 1 ребаланс) 7.338.034 –процент на реализација 1-9 месец 30%

***4. Донации***

Планирано (со 1 ребаланс) 24.130.909 –процент на реализација 1-9 месец 32%

***Буџетските расходи по функциии на ЕЛС се планирани и реалиизрани согласно пропишаната економска класификација***

Планирано (со 1 ребаланс) 523.454.019 –процент на реализација 1-9 месец 57%

По презентациите беше отворена дискусија, на која никој не побара збор. По презентациите следуваше објаснувањето од страна на модераторот за структурата на форумот по работни маси и концептот за работа на форумските сесии, и се формираа следните работни маси:

1. Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина;
2. Комунални дејности
3. Култура
4. Јавни дејности (Образование, млади, спорт и социјални работи)
5. Економски развој и туризам
6. Општинска администрација
7. Оперативна група

По формирањето на работните маси модераторот Митовска, ги објасни начелата и правилата за работа на форумот. Правилата за работа од страна на модераторот беа ставени на гласање и едногласно усвоени од страна на форумот.

На форумската сесија од страна на Секретарот на општината Мартин Николовски воедно и координатор на форумскиот процес беа презентирани стратешките развојни приоритети на општината за 2024 година. Секретарот од свое лично име, но и од името на целокупната општинска администрација и сите вработени во Општина Крива Паланка ги поздрави сите присутни учесници на форумот, Им посака искрено и срдечно добредојде и посака успешна реализација на уште еден Буџетски форум.

Истакна дека особено го радува високиот одзив на поканети, кои денес, а исто така се надева и на следните три форумски сесии ќе земат активно учество во детектирање и детерминирање на приоритетите, кои ќе бидат вградени во Годишните оперативни програми

на Општина Крива Паланка за 2024 година, а со самото тоа и во Буџетот и буџетските програми на Општината за наредната буџетска година.

Исто така истакна дека искрено се надева дека овој родово одговорен буџетски форум ќе ги детектира реалните потреби и приоритети на нашата заедница, кои потоа ќе станат составен дел и општински приоритет за реализација во рамките на соодветните годишни оперативни програми за следната фискална година, но уште повеќе го радува тоа што Општина Крива Паланка покажува високо ниво на транспарентност и партиципативност при изготвувањето на годишните оперативни програми, но и при креирањето на општинскиот Буџет.

Се надевам дека ќе продолжиме на овој пат и дека и во иднина ваквите буџетски форуми ќе бидат една редовна пракса и традиција при донесувањето на Буџетот.

Посака успешна работа на Форумот и наплив на креативна енергија на сите работни маси, што ќе резултира со одлични и издржани предлози, кои ќе бидат од широко значење за целокупната наша локална заедница.

Секретарот направи кратка презентација на стратешките развојни цели за 2024 година, низ призмата на утврдените стратешки области, кои произлегуваат од стратешките документи, донесени и усвоени од страна на Општина Крива Паланка.

- **Стратешки документи за родово одговорен одржлив развој на Општина Крива Паланка за 2024:**

  -Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка 2022-2027;
  -Локален акциски план 2021-2023г. за родова рамноправност;
  -Стратегија за развој на туризмот 2020-2025;
  -Социјален план на општината 2021-2023;
  -Стратегија за управување со ризици на општината;
  -Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022-2026;

- **Родово одговорен одржлив развој на Општина Крива Паланка во 2024**
  ***-стратешки области и цели-***

**1. Стратегиска област - Економски развој**
- ✓ Стратегиска цел 1 – Развој на локалната инфраструктура
- ✓ Стратегиска цел 2 – Рурален развој
- ✓ Стратегиска цел 3 – Развој и унапредување на човечките ресурси

**2. Стратегиска област – Спорт**
- ✓ Стратегиска цел 1 – Развој на спортската инфраструктура
- ✓ Стратегиска цел 2 – Промоција на спортот

**3.Стратегиска област – Култура**
- ✓ Стратегиска цел 1 – Соодветно заштитено културно наследство
- ✓ Стратегиска цел 2 – Развој на културната инфраструктура
- ✓ Стратегиска цел 3 – Промоција на културата

**4. Стратегиска област – Туризам**
- ✓ Стратегиска цел 1 – Подобрена и изградена нова инфраструктура за развој на туризмот
- ✓ Стратегиска цел 2 – Поддршка и развој на руралниот и алтернативниот туризам

**5. Стратегиска област – Е-управување**
- ✓ Стратегиска цел 1 – Примена на информатичката технологија за дигитализирана општина
- ✓ Стратегиска цел 2 – Зајакнати капацитети на општинската администрација за давање ефективни услуги на граѓаните

**6. Стратегиска област – Образование**
- ✓ Стратегиска цел 1 – Создавање услови за непречено одвивање на наставата
- ✓ Стратегиска цел 2 – Образованието во функција на пазарот на труд

**7. Стратегиска област – Млади**
- ✓ Стратегиска цел 1 – Развој на општествено-социјалниот живот на младите

- ✓ Стратегиска цел 2 – Активно вклучување на младите во градењето на локалните политики
- ✓ Стратегиска цел 3 – Вклучување на младите на пазарот на трудот

**8. Стратегиска област – Заштита на животната средина и енергетска ефикасност**

- ✓ Стратегиска цел 1 – Зголемување на свеста кај граѓаните/-ките за значењето на заштитата на животната средина
- ✓ Стратегиска цел 2 – Изградба на соодветна инфраструктура за заштита на животната средина
- ✓ Стратегиска цел 3 – Поголема искористеност на обновливите извори на енергија

**9. Стратегиска област – Социјална и здравствена заштита**

- ✓ Стратегиска цел 1 – Зајакнати човечки и инфраструктурни капацитети за подобрена социјална и здравствена заштита
- ✓ Стратегиска цел 2 – Поголема социјална инклузија на лицата во социјален ризик
- ✓ Стратегиска цел 3 – Поголема превенција за намалување на лицата во социјален ризик
- ✓ Стратегиска цел 4 – Унапредување на севкупната состојба со човековите права и унапредување на родовата еднаквост

- **Реализирани активности во 2023**
  Во интерес на времето Николовски посочи дека градоначалникот во своето обраќање имаше детален опис на реализираните активности во претходниот период , воедно истата информација им беше презентирана во водеото, но и во печатениот примерок ,,Отчет на Градоначалникот,, којим беше доделен од оперативаната група.
- Николовски посочи дека со планирани активности за 2024, форумот детално ќе се запознае во наредните форумски сесии кога ќе бидат презентирани планираните активности и расходи на оперативните општински буџетски програми за следната година.

По презентацијата, од страна на модераторот беше отворена дискусија по стратешките развојни приоритети на општината.

Модераторот им се заблагодари на присутните, ги покани учесниците да присуствуваат на втората буџетска сесија закажана на 17.11.2023 на која ќе биде дефинирана и структурата на форумот по работни маси.

**Втората форумска сесија** се одржа на 17.11.2023 година, во големата сала на општината, во периодот од 12:00 до 15:00 часот, на која присуствуваа вкупно 57 лица од кои 35 жени и 22 мажи, сите Македонци.

На самата сесија беше утврдена структурата на форумот по работни маси и концептот за работа на форумските сесии како и форумските правила за работа, по што следеше распределба на граѓаните по работни маси. Модераторот го презентираше дневниот ред и целите на втората форумска сесија, појаснувајќи дека на втората сесија ќе биде презентирана структурата на буџетот на Општина Крива Паланка и проекција на приходите за 2024 година, како и дел од буџетските програми што ќе бидат предмет на дискусија на форумската сесија. По усвојувањето на записникот од првата форумска сесија и усвојувањето на правилата за работа кои едногласно беа усвоени од форумот од страна на Димитар Петровски од одделението за финансиски прашања беше презентирана структурата на буџетот за 2023 година и проекција на приходите за 2024 година.

***Структура на буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

Приходите во <u>основниот буџет</u> на Општина Крива Паланка за 2023 год. изнесуваат **203.509.000 денари**.

Расходите на Општина Крива Паланка (со 1 Ребаланс ) за 2023 година се планирани на износ од **523.454.019 денари**.

***Проектираните приходите во <u>основниот буџет</u> на Општина Крива Паланка за 2024 година.**

Максималниот износ на сопствени приходи на Основниот буџет е планиран на **116.823.449** д

По презентацијата за буџетот на граѓаните им беа презентирани седум програми, во кои беше даден опис за сите ставки и подставки на програмите за 2024 година, како и проектираната вредност за секоја од нив. Презентациите на планирани расходи по буџетски програми ги презентираше раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на

животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска и Антонио Давитовски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ. Од страна на Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска беа презентирани три програми: **Програма за уредување на сообраќајна сигнализација, Програма за животна средина, Програма за изработка на урбанистички планови во** Општина Крива Паланка за 2024 година. Додека Антонио Давитковски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ, презентираше четири програми: **Програма за спорт, Програма за образование, Програма за млади** и **Програма за социјална, детска и здравствена заштита** за 2024 година во Општина Крива Паланка.Граѓаните дадоа вкупно 65 предлози по сите седум програми, а избраа и 6 програми за кои ќе дискутираат на наредната сесија и тоа: Програма за локален економски развој, Програмата за култура**,** Програмата за уредување на градежно земјиште, Програмата за изградба на улици и патишта, Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа, Програма за изградба, реконструкција и одржување за јавно осветлување. Модераторот Лидија Митовска им се заблагодари на присутните за бројното учество на втората форумска сесија и ги покани граѓаните да учествуваат и на третата форумска сесија, закажана за **24.11.2023 год.(петок** ).

**Третата форумска сесија** се одржа на 24.11.2023 година, во атриумот на ООУ "Свети Јоаким Крчовски", со почеток од 12 часот, на која присуствуваа вкупно 63 лица од кои 37 жени и 26 мажи, сите Македонци.

На почетокот на третата форумска сесија, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните учесници, повторувајќи го накратко значењето за одржувањето на **„Родово одговорен буџетски форум".** Таа потсети дека целта е да се изготви буџет во консултација со граѓаните, кои со своите предлози и приоритети можат да влијаат во буџетската структура на распределба на средствата во општината. Митовска ја истакна улогата на граѓаните во спроведувањето на буџетскиот процес и партиципативната подготовка на буџетот и можноста што ја имаат граѓаните во процесот на распределбата на буџетските средства во општината за 2024 година. Притоа, посочи дека нивните размислувања и дискусии треба да бидат насочени кон реалните финансиски можности на општината за реализација на приоритетни проекти, а не исклучиво од нивните желби, потреби и проблеми, колку и да се тие од приоритетен карактер. По утврдување на дневниот ред кој беше едногласно усвоен, модераторот Лидија ги повика присутните да го разгледаат записникот од втората форумска сесија, отвори дискусија и откако никој не се јави за дискусија и без забелешки беше усвоен Записникот, се распределија работните маси и форумот започна со работа. На сесијата презентациите на планирани расходи по буџетски програми ги презентираше раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков и Антонио Давитовски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ.

На сесијата беа презентирани вкупно шест буџетски програми, во кои беше даден опис за сите ставки и подставки на програмата за 2024 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Антонио Давитковски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ, презентираше две програми : -**Програма за економски развој, -Програма за култура** за 2024 година во Општина Крива Паланка . Додека пак раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков презентираше четири програми**, -Програма за уредување на градежно земјиште,** -**Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа, -Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа, -Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување** за 2024 година во Општина Крива Паланка.

По презентациите имаше 2 дискусии од граѓаните, една од жена и една од маж, двајцата Македонци. -Михаела Јнаковска од работна маса - јавни дејности истакна дека како член на културно уметничко друштво 8ми Октомври предложи дека треба да бидат вклучени како учесници на повеќе културни настани. Исто така за збор се јави и Зоран Станковски од работна маса - урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина истакна дека како член на Еколошко акцијашко здружение имаат соработка со сите земји од поранешна Југославија

и често биле поканети на средби и како гости оделе во Босна, Хрватска, Словенија..., би сакале и тие да бидат домакини и да ги поканат на средба во нашиот град, но не се во можност сами да ги угостат тоа би можеле само да го направат ако имаат помош од општината. Вкупно предлози за сите шест презентирани програми од страна на ѓраѓаните беа дадени 49. И тоа за Програмата за локален економски развој имаше вкупно 9 предлози од граѓаните од кои еден е прифатен, а 8 не се прифатени од страна на општината. За Програмата за култура имаше вкупно 13 предлози од граѓаните од кои 5 се прифатени, а 8 не се прифатени од страна на општината. За Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година, граѓаните дадоа вкупно 3 предлози, но сите беа неприфатливи за општината, за Програмата за изградба на улици и патишта, граѓаните дадоа вкупно 9 предлози од кои 3 се прифатени, а 6 не се прифатени.За Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа имаше вкупно 11 предлози од граѓаните од кои 5 се прифатени, а 6 не се прифатени од страна на општината. За Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување имаше вкупно 5 предлози од граѓаните од кои 2 се прифатени, а 3 не се прифатени од страна на општината.

**Четвртата форумска сесија** на родово одговорниот буџетскиот форум во Општина Крива Паланка се одржа во ООУ Свети Јоаким Крчовски (атриум сала- во Партизан), во периодот од 12:00 до 15:00 часот на која присуствуваа вкупно 55 лица од кои 40 жени и 15 мажи, сите Македонци.

На почетокот на четвртата форумска сесија, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните учесници, повторувајќи го накратко значењето за одржувањето на „Родово одговорен буџетски форум“. Таа потсети дека целта е да се изготви буџет во консултација со граѓаните, кои со своите предлози и приоритети можат да влијаат во буџетската структура на распределба на средствата во општината. Митовска ја истакна улогата на граѓаните во спроведувањето на буџетскиот процес и партиципативната подготовка на буџетот и можноста што ја имаат граѓаните во процесот на распределбата на буџетските средства во општината за 2024 година. По усвојувањето на записникот од третата форумска сесија и распоредувањето на работните маси од страна на модераторот беше претставен начинот на гласање и регулирање на правото на глас

- Право на глас има секој граѓанин кој присуствувал најмалку на 3 форумски сесии
- Маса општинска администрација има еднакво право на глас
- Маса оперативна група нема право на глас
- Гласањето се одвива по работните маси и сите работни маси започнуваат да гласаат во ист момент
- На сите работни маси ќе се поделат ливчиња

Согласно правилата на форумот формираната работна група имаше за задача да се состане и да дискутира и да ги презентира пред форумот предлозите дадени на форумот за кои ќе се гласа. Работната група на работилницата одржана на 29.11.2023 година, во 14 часот во мала сала во општината ги разгледа предлозите по буџетските програми на општината како и предлозите од граѓаните на форумот дадени на втората и третата форумска сесија, заедно со општинската администрација во рамки на 13 општински буџетски програми. Тема на дискусија беа **вкупно 114 предлози** од кои **23 се повторуваат** (се однесуваат на иста работа), **5 од предлозите не се во надлежност на општината.Од вкупно 86 предлози, општината прифати 40 предлози** - проекти да влезат во буџетот за следната година со голема буџетска алокација на средства и кои на четвртата форумска сесија ќе бидат предмет на приоретизација од форумот.

| | |
|---|---|
| 1 | Подобра регулација на сообраќајот кај клучката “Балкан” (да не се паркираат автомобили на почетокот на улица 8ми Октомври). |
| 2 | Маалските улици да бидат обележани со испрекината линија со место за паркирање |

| | |
|---|---|
| | само од едната страна, таму каде согласно сообраќајните елаборати има можност. |
| 3 | Поголема сообраќајна сигнализација кај "Карчо" |
| 4 | Поголема безбедност за пешаците со поставување на сообраќајна сигнализација. |
| 5 | Едукација за селекција на отпад. |
| 6 | Санкции |
| 7 | Комуналните инспектори почесто и ригорозно да ја вршат својата работа. |
| 8 | Да се дислоцира депонијата |
| 9 | Да се работи на преземање електричен отпад и негово рециклирање од страна на компании овластени за таа дејност. |
| 10 | Поставување на дигитални модули кај системите за наводнување. |
| 11 | Дислокација на контејнерите од пред ЛУГМ. |
| 12 | Хортикултурно уредување на просторот околу Кадиска чешма. |
| 13 | Наместо контејнери да се субвенционираат канти за домакинства. |
| 14 | Локација за нова станбена зграда за домување |
| 15 | Паркет во спортската сала |
| 16 | Греење во спортската сала |
| 17 | Изградба на трибини-стадион |
| 18 | Реконструкција на игралиштето на Калин Камен |
| 19 | Реконструкцијанапросторијатазаспортистикајспортскистадион. |
| 20 | Реконструкција и активирањенаградскиотбазен |
| 21 | Субвенционирање -превоз на ученици и студенти, |
| 22 | Програма за волонтерство-да се врати во општеството. |
| 23 | Субвенционирање -компјутерскаопрема |
| 24 | За социјално тешки ранливи категории на граѓани и семејства програма за вработување или сезонска работа-ангажирање. |
| 25 | Мапирање на велосипедски рути. |
| 26 | Организирање на театарски претстави за одбележување на денот на детето 20-ти Ноември (од страна на младите со поддршка од општината). |
| 27 | Поддршка на локалното издаваштво. |
| 28 | Набавка на монтажна бина |
| 29 | Изложба на ракотворби. |
| 30 | Објава на програмата наTripadvisor. |

| | |
|---|---|
| 31 | Реконструкција на оштетената патна инфраструктура од елементарните непогоди, одливни канали, потпорни стени<br>( свлечиште на пристапот до саат и улица Калин Камен ) |
| 32 | Поставување на соодветен пристап на клучката од 4-те згради во населба Бавчалк кон мостот со 5-те згради од спротивната страна на реката и мостот Бегови бавчи кон пролетер, пешачкиот мост кај гимназијата) |
| 33 | Асвалтирање на ул. Климент Охридски од Болничка ливада-резервар (проценета должина 100 m). |
| 34 | Редовно одржување на канализациона мрежа (шахти, отпусни канали-пропусти –кај болница, -кај пролетер и други места во градот- атмосферска вода. |
| 35 | Позачестени анализи на водата за пиење. |
| 36 | Проектирање Решавање на проблемот со колекторот/канализацијата кај големиот мост кај Мизовски ливади поради непријатната миризба. |
| 37 | Решавање на проблемот од комунална инфраструктура преку поврзување на нов колектор (исклучување од стар колектор) на потег зад градинка (Јоскова бавча). |
| 38 | Ставање во функција на вирови Грамаѓе. |
| 39 | Осветлување на улицата Климент Охридски потег кантина-воен резервоар. |
| 40 | Да се зголеми осветлувањето на главна улица од фурна Малеш кон долниот дел на градот и на потег обложувалница Моцарт кон населба Чука. |

Проектот за „**Осветлување на улицата Климент Охридски“ на потегот кантина-воен резервоар, беше избран за најприоритетен** проект од страна на учесниците на 4-та форумска сесија од буџетскиот форум, што се спроведе во Општина Крива Паланка.Овој проект доби најголема поддршка од граѓаните во процесот на приоретизирање на вкупно 40 проекти, кои претходно беа преселектирани од страна на Работната група на форумот.

Жаклина Цветковска се обрати до градоначалникот, советот и општинската администрација: “Ние граѓани и граѓанки учесници на форумот Ви ја доставуваме оваа листа со препораки да ги имате во предвид сите наши граѓански идеи во тековните работи и идни планирања на Општина Крива Паланка и да ги реализирате во рамките на своите надлежности. Листата со препораки и идеи да бидат патоказ за делување на општината во наредниот период и да бидат вклучени во програмските, стратешките и развојни приоритети на општината со цел да има задоволни граѓани.”

Градоначалникот на Општина Крива Паланка Сашко Митовски им се заблагодари на граѓаните за нивното активно учество во буџетскиот форумски процес и за придонесот во креирањето на општинскиот буџет за 2024 година. Пред присутните учесници на форумот, градоначалникот изјави, дека општината ќе направи напори да ги реализира најприоритетните проекти произлезени од буџетскиот форумски процес, како и останатите предлози произлезени од форумот, а кои не влегоа во 40 -те приоретизирани проекти и кои, како препораки во име на општината ги прими од страна на граѓаните на форумот.Како Општина сериозно ќе ги земеме во предвид и ако сме во можност ќе ги реализираме вашите потреби и приоритети-препораки. Ние секогаш работиме во интерес на граѓаните. Исто така се заблагодари на модераторот,координаторот и оперативната група. Повторно се заблагодари за присуството, учеството и за избраниот проект.

Секретарот се обрати на сите присутни “Почитуван градоначалник, оперативна група, администрација, учесници, граѓани успешно завршивме уште еден родово одговорен буџетски форум. Благодарение на вас креираме транспарентен, партиципативен буџет за 2024 год на општината, ви благодарам за одвоеното време и учеството на сите четири буџетски форумски сесии, како општинска администрација ќе продолжиме да работиме на

остварување на вашите приоритети-препораки. Исто така се заблагодари и за работата на оперативната група за успешна логистичка организација за реализација на форумот. Уште еднаш се заблагодари на сите присутни и ги покани да бидат активни учесници и на наредни форуми. На самиот крај Лидија истакна дека е формирана работна група за следење на форумските приоритети, им се заблагодари на присутните уште еднаш за одвоеното време и присуството на сите форумски сесии, ги покани да бидат активни и на наредни форуми.

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност***

| **Општина** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Официјални** | **Број на жители** | 18.059 | **мажи/жени** | # |
| **Сесија** | **Број на учесници на форумска сесија** | **Мажи / жени** | **Број на учесници на работни маси** | **Мажи / жени** |
| *Прва* | 54 | 21 (38,8%) / 33 (61,1%) | / | / |
| *Втора* | 57 | 22(38.6%) / 35 (61.4%) | 49 | 13 (27%) / 36 (73%) |
| *Трета* | 63 | 26 (41,2%) / 37 (58,7%) | 55 | 20 (26,7%) / 35 (73,3%) |
| *Четврта* | 55 | 15(27,2%) / 40 (72,7%) | 47 | 12 (25,5%) / 35 (74,4%) |
| Последо-вателна | # | # (%) / # (%) | # | # (%) / # (%) |
| *Просек* | 57 | 21 (36,8%) / 36 (63,1%) | 50 | 15 (30%) / 35 (70%) |

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително етничка застапеност***

| **Општина** | | **КРИВА ПАЛАНКА** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Етничка застапеност** | | **Учесници на форумска сесија** | | | | | | **Учесници на работни маси** | | | | |
| **Офи.по да.** | **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 16.675 (92,3%) | Македонци | 54 (100%) | 57 (100%) | 63 (100%) | 55 (100 %) | # ( % ) | # (%) | (# %) | 49 (85,9% ) | 55(87, 3%) | 47 (85,4 %) | # ( % ) |
| 7 (0,038% ) | Албанци | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # ( % ) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # ( % ) |
| 6 (0,033% ) | Турци | 0 (%) | 0 (%) | 0(%) | # (%) | # ( % ) | # (%) | 0 (%) | 0(%) | 0 (%) | # (%) | # ( % ) |
| 447 | Роми | 0 (%) | 0 (%) | 0(%) | # (%) | # ( | # | 0 | 0(%) | 0 (%) | # (%) | # ( |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (2,47 %) | | | | | | %) | (%) | (%) | | | | %) |
| 5 (0,027%) | Власи | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 66 (0,36%) | Срби | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 2 (0,01%) | Бошњаци | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 83 (0,45%) | Други | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |

**Да се наведат родовите и етнички чувствителните прашања (ако има и не повеќе од еден параграф):**
Ромската популација е со ниско образовно ниво и главно преокупирана со обезбедување на материјалната егзистенција, заради што има слаб интерес да се вклучи во буџетскиот форум.

## 2. ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА

Немаше некои поголеми проблеми и потешкотии при спроведувањето на форумскиот процес. Оперативната група заедно со координаторот и модераторот успешно ги реализираа родово одговорните буџетски форумски сесии.
Проблемот со кој се соочува општината кој воедно е и регионален, е непостоењето на локални и регионални телевизии и радио, па социјалните медиуми и WEB страната на општината се единствените места каде може да се информираат граѓаните.

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ, ПРЕПОРАКИ И ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ

**Главен заклучок** – успешен форумскиот процес, Општина Крива Паланка заедно со граѓаните подготви во целост родово одговорен буџет кој ги таргетира различните потреби и приоритети на граѓанките и граѓаните, согласно Уставот, жените и мажите/граѓаните во нашата држава се еднакви но нивните потреби и приоритети се различни. Општина Крива Паланка е првата општина што реализира прв родово одговорен буџетски форумски процес во државата на кој граѓаните освен што предлагаа туку со помош на експерт за родово одговорно буџетирање и вршеа родова анализа на своите предлози, дефинираа родови индикатори при што користеа родово сензитивен јазик, што беше од исклучителна важност како за општината кои предлози од граѓаните да ги прифати исто и за граѓаните што од листите за нив е по приоритетно. При што овој форумски процес покажа дека не секогаш најголемите приоритети за граѓаните бараат големи буџетски средства за реализација. Доказ за ова е прво рангираниот приоритет од граѓаните.

Следните планирани активности се поврзани со организација, подготовка и одржување на петата така наречена последователна форумската сесија.

Од страна на Форумот формирана е Работна група за следење на спроведувањето на форумските предлози, препораки и проекти, која ја сочинува по еден претставник од сите 6 работни маси. Тие ќе ја следат реализацијата на форумските одлуки и на 5-та (последователна) сесија ќе дадат извештај за извршувањето на проектираните расходи по приоритетните буџетски програми и проекти, избрани од граѓаните.

Членовите на Работната група од координаторот на буџетскиот процес ќе бидат информирани и поканети да присуствуваат и на седницата на Советот на Општина Крива Паланка, која треба да се одржи до крајот на месец Декември, кога на дневен ред ќе биде донесувањето на буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година.

**Координатор/ Мартин Николовски**

**Модератор/ Лидија Митовска**

**Оперативна група:**
**1.Гордана Ристовска**
**2. Ане Јакимовска**
**3. Даниела Милошевска**
**4. Лилјана Стојановска**
**5. Виктор Петровски**
**6. Емил Додевски**

05.12.2022 г.

## ПРИЛОЗИ

Прилози за статистички податоци за форумските сесии

Прилог 1 – Преглед на учесници по работни маси
Прилог 2 – Преглед на односи со јавност/медиумски активности поврзани со форумскиот процес

***Прилог 1 - Преглед на учесници по работни маси***

| **РМ 1: Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 9 | 8 | 9 | 9 | # | 35 |
| **жени** | 8 | 8 | 8 | 8 | # | 32 |
| **мажи** | 1 | 0 | 1 | 1 | # | 3 |
| **РМ 2: Комунални дејности** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 8 | 7 | 11 | **6** | # | 32 |
| **жени** | 5 | **4** | **6** | **5** | # | 20 |
| **мажи** | 3 | **3** | 5 | **1** | # | 12 |
| **РМ 3: Култура** | | | | | | |

| Сесија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно** | 6 | 10 | **10** | **9** | # | 35 |
| **жени** | 5 | 3 | **6** | 5 | # | 19 |
| **мажи** | 1 | 7 | 4 | 4 | # | 16 |
| **РМ 4: Јавни дејности** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 7 | 10 | 9 | 8 | # | 34 |
| **жени** | 3 | 6 | 6 | 6 | # | 21 |
| **мажи** | 4 | 4 | 3 | 2 | # | 13 |
| **РМ 5: Економски развој и туризам** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 8 | **9** | **9** | **9** | # | 35 |
| **жени** | 7 | **8** | 8 | 8 | # | 31 |
| **мажи** | 1 | 1 | 1 | 1 | # | 4 |
| **РМ 6: Општинска администрација** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 7 | 7 | 7 | 8 | # | 29 |
| **жени** | 1 | **3** | 1 | **4** | # | **9** |
| **мажи** | 6 | 4 | 6 | 4 | # | 20 |
| **РМ 7: Оперативна група** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | **8** | 8 | **8** | **7** | # | 31 |
| **жени** | 5 | 5 | 5 | 4 | # | 19 |
| **мажи** | 3 | 3 | 3 | 3 | # | 12 |

**ПРИЛОГ- 2**

**www.krivapalanka.gov.mk**
- https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/35538
- https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/36207